# S-WORK

ОКТОМВРИ 2020, БРОЈ 97





# Листа со факти за КОВИД-19 и сексуалната работа

Брзото ширење на пандемијата КОВИД-19 ги разоткрива и продлабочува постојните нееднаквости, особено кај веќе маргинализираните и стигматизираните лица, како што се сексуалните работници, ЛГБТИ лицата и (не)документираните мигранти, кои се особено погодени од пандемијата.

Оваа листа со факти за КОВИД-19 и сексуалната работа ги покажува различните начини на кои пандемијата влијае врз здравјето и правата на сексуалните работници, во смисла на несоодветен или непостоечки пристап до работничките права, исклучување од владините мерки за заштита и за тоа како организации кои работат на заштита на правата на сексуалните работници може да им помогнат за време на кризата.

**Како сексуалните работници се погодени од КОВИД-19?**

***Влошување на веќе постоечките нееднаквости и неправда кои се присутна кај маргинализираните лица***
Сексуалните работници се дискриминирани од повеќе аспекти. Покрај тоа што се сексуални работници, може да припаѓаат и на друга маргинализирана група. Сексуалниот работник може да биде трансродово лице, мигрант, лице кое живее со ХИВ или корисник на дрога.

***Загуба на приходите поради затворање на работните места***
Повеќето сексуални работници ги загубиле делумно или целосно своите приходи поради мерките за ограничување на движењето, како и затворањето на работните места. Голем број сексуални работници немаат пристап до основните потреби како што се храна, вода и сместување.

***Исклучување од националните мерки за помош***
Сексуалните работници се најчесто исклучени од националните мерки за помош на работниците. И доколку постојат мерки за социјална помош која ги вклучува и сексуалните работници, сепак голем број не можат да ги обезбедат потребните документи.

***Пречки во пристапот до здравствена заштита и услуги***
Моменталната здравствена криза го намалува пристапот на сексуалните работници до потребните здравствени услуги. Дискриминацијата и стигмата присутна кај здравствените установи ги спречува сексуалните работници да добијат соодветна грижа и поддршка.

***Пречки во пристапот до работничките права***
Повеќето земји во светот криминализираат некои аспекти на сексуалната работа, а со тоа сексуалните работници не се во состојба да ги повикаат работодавците на одговорност при кршење на нивните права, како на пример, нефер отпуштање од работа.

***Зголемен ризик од пренос на КОВИД-19***
Сексуалните работници се изложени на зголемен ризик од пренос на вирусот, бидејќи нивната работа вклучува интимни физички контакти со своите клиенти.




**Како организациите кои работат на заштита на правата на сексуалните работници може да им помогнат за време на кризата?**

***Застапување*** за вклучување, консултации и соработка со организации предводени од сексуални работници во однос на прашања поврзани со КОВИД-19.

***Поддржување*** на непосредни, соодветни, инклузивни и достапни шеми за социјална заштита за сексуални работници, вклучително и сексуални работници - мигранти, кои вклучуваат шеми за финансиска поддршка и пристап до домување.

***Повик за итен прекин на употребата на кривичните закони*** за спроведување на ограничувањата поврзани со КОВИД-19, вклучително присилно тестирање за КОВИД-19, како и апсења и рации во домовите на сексуалните работници или во просториите каде кои работат.



# Сексуалната работа во ниско развиените земји за време на пандемија



Во ниско развиените земји, сексуалните работници често пати се главните носители на храна за целото семејство, за нивните деца, браќа и сестри, и нивните баби и дедовци. Од нивните месечни приходи зависат цели семејства, што значи дека последиците од кризата со КОВИД-19 не ги погодува само сексуалните работници.

Ники Адамс од Англискиот колектив на сексуални работници вели дека и во високо развиените земји како што е Велика Британија има голем број сексуални работнички, мајки на повеќе деца кои се очајни за пари и мораат да продолжат да работат и покрај сите ризици по нивното здравје и безбедност. Но, некои сексуални работници не можат да продолжат да работат - дури и да сакаат.

Во еден од најголемите бордели во Бангладеш, борделот Даулатдија, полицијата го чува влезот, спречувајќи влез на клиенти. Во него работат и живеат околу 1300 жени со нивните деца. Во Бангладеш, сексуалната работа е легална. Борделот е затворен од март, оставајќи многу од жените кои секојдневно се борат за егзистеницијa на своите семејства да се потпираат единствено на донации од добротворни организации за да ги набават основните работи за живот.

„Не можеме да работиме сега, така што немаме никаков приход, тоа е страшно", вели „Назма", која не сака да го открие своето вистинско име.

Назма прехранува три деца кои живеат со нејзината сестра. Таа работи во борделот веќе 30 години. Иако и требаат пари, моментално не работи, таа се грижи пред сè за здравјето на своето семејство.

„Дури и да можеме да работиме, животот на луѓето е загрозен од вирусот. Исплашени сме да одиме во кревет со нашите клиенти во секој случај, бидејќи не знаеме кој е заразен", вели таа.

Даулатдија е сместен на брегот на реката Падма, во близина на големиот терминал за траекти. Тој е главниот транспортен центар што го поврзува главниот град на Бангладеш, Дака со јужните области на земјата.



Пред почетокот на епидемијата со коронавирусот, илјадници возачи на камиони поминуваа низ оваа областа секој ден, доставувајќи земјоделски производи и друга стока до Дака. Голем број од нив се и клиенти на жените кои долги години работат во овој бордел.

Додека Владата на Бангладеш и локалните организации за помош им доставуваа некои средства за итни случаи на жените кои работат во Даулатдија, сепак тоа не е доволно. Некои жени воопшто не добиле ништо.

„Износот на донациите што ги добиле од Владата не покрива дури ни пакетче млеко во прав за децата", вели Срабанти Худа, адвокат и активист за човекови права со седиште во Дака.

На почетокот на мај, Срабанти била дел од големиот хуманитарен настан за помош на сексуалните работници, преку кој се организираше достава на приватна помош, дистрибуирајќи пакети со храна и основни материјали за заштита на секоја од 1300-те жени регистрирани како сексуални работнички во борделот.

„Имаше една жена која рече дека не можела да добие инсулин за дијабетес повеќе од еден месец", вели Срабанти. „Друга жена не била во можност да ги купи своите лекови за крвен притисок откако започнало ограничувањето со почетокот на пандемијата".

Намалениот пристап до здравствените услуги е проблем со кој се соочуваат сексуалните работници на глобално ниво. Проблемот е особено присутен во областите каде што постои поголема побарувачка за редовни антиретровирусни лекови за лица кои живеат со ХИВ.

Дури и кога борделот повторно би се отворил за работа, потребно е долго време за да се опорави сексуалната индустрија.

„Луѓето се плашат да дојдат кај нас, можеби ќе се заразат", вели Назма. „И ние се плашиме. Можеби ќе се заразиме од нив. Овој страв е присутен кај сите и мислам дека долго ќе трае".



# Сексуалните работници стравуваат за својата иднина: „Нормално е дека ако не работам шест месеци, многу луѓе ќе ме заборават“.

Со воспоставени правила за социјално дистанцирање и затворените стриптиз клубови и бордели, сексуалните работници ширум светот се уште се соочуваат со сиромаштија поради намалените приходи како резултат на пандемијата на коронавирусот. Плашејќи се за својата егзистенција, како и за здравјето, некои нудат услуги преку Интернет за да го продолжат својот бизнис, додека други се обраќаат до добротворните организации за помош.

Естел Лукас работела како ескорт придружничка во последните 10 години во Мелбурн, внимателно градејќи ги односите со своите клиенти. Но, ширењето на Ковид-19 и потребата за социјално дистанцирање предизвика забрана за сексуална работа, ставајќи ја во тешка ситуација, со што сите напори за одржување на контактите паѓаат во вода.

„Нормално е ако не работам шест месеци, многу луѓе ќе ме заборават“, вели таа. „Не можам да контактирам со моите клиенти и само да разговарам со нив. Тоа не функционира така во мојата индустрија. Треба да градиме интимност, а тоа едноставно не е возможно во сегашната ситуација“.

Пред епидемијата со коронавирусот, Естел вели дека заработувала доволно за наскоро да ја исплати хипотеката на нејзиниот дом во едно одпредградијата на Мелбурн.



Сега скоро целиот приход е изгубен. Таа се обидува да се прилагоди на новонастанатата ситуација и да го пресели својот бизнис преку Интернет, но вели дека ваквиот начин не може да го замени физичкиот контакт со клиентите.

„Тешко е, бидејќи не секој од моите клиенти знае да користи смартфони", додава Естел.

Додека владите ширум светот ги претставуваат новите протоколи за повторно отворање и работа на рестораните и кафулињата, многу држави немаат план за сексуалната индустрија. Таа несигурност, заедно со непознатите околности на самиот вирус, остави многу сексуални работници во незавидна ситуација.



Финансиска помош од Австралиската влада е достапна за оние кои ги изгубиле своите приходи поради кризата со Ковид-19, но за да се квалификуваат за да добијат помош, работниците треба да покажат дека плаќале данок - нешто што нерегистрираните сексуални работници, вклучително и мигрантите и трансродовите луѓе, не можат да го направат.

Тоа е проблем со кој се соочуваат сексуалните работници во повеќето земји ширум светот. Владите успеаа да обезбедат социјална заштита за мнозинството луѓе, особено за самовработените, но сексуалните работници не се вклучени. Поради тоа, колективите на сексуалните работници и организациите за нивно застапување и заштита, ја повикуваат јавноста да донира во фондовите за итни случаи, наменети за помош на сексуалните работници. Воедно, голем број сексуални работници се принудени да продолжат да работат, ризикувајќи големи казни или изложеност на вирусот.

# Барања и потреби на трансродовите луѓе во однос на ХИВ превенција во Република Северна Македонија

Трансродовите луѓе често се изложени на стигма и дискриминација во здравствените институции во Р.С. Македонија. Кога бараат здравствена услуга, тие се често вербално малтретирани, исмејувани, дури и не им се дава услуга. Ова придонесува тие често да немаат пристап до услуги, што повратно негативно се одразува на нивното здравје и благосостојба и ги става под ризик од ХИВ.

Ова се дел од аргументираните барања на трансродовите луѓе во однос на ХИВ превенција во Република Северна Македонија:

- Државата да работи на правно признавање на родот на трансродовите лица.

- Државата треба да работи во насока на имплементација и спроведување на анти-дискриминаторски закони.

- Креаторите на политики, парламентарците и други лидери од јавниот здравствен сектор треба да работат заедно со организациите од граѓанското општество и да вложат напори да се мониторира стигмата и да се конфронтира дискриминацијата против клучните популации во кои спаѓаат и трансродовите лица.

- Неопходно е да се потенцира адекватното снабдување со кондоми и лубриканти за трансродовите жени и трансродовите мажи кои имаат секс со мажи преку услугите на граѓанските организации.

- Трансродовите луѓе кои користат droги (со или без инјектирање) треба да имаат еднаков пристап до сервисите за намалување штети како и нетрансродовите луѓе. Програмите за игли и шприцеви (ПИШ) и терапијата за замена на опијати (ТЗО) треба да бидат пристапни и прифатливи за трансродовите луѓе. Давателите на ТЗО и ПИШ услуги треба да бидат обучени на начин преку кој би пружиле компетентна и неосудувачка нега за трансродовите лица.

- Трансродовите луѓе кои инјектираат супстанции за афирмација на родот треба да имаат лесен пристап до стерилна опрема за инјектирање и информации за безбедни практики за инјектирање за да го намалат ризикот од инфекција со патогени кои крвно се пренесуваат, како што се ХИВ и вирусниот Хепатитис Б и Ц. Сервисите за намалување штети мора да бидат свесни и да одговорат на овие потреби.

- Лесен пристап до ПрЕП како дополнителна интервенција во пакетот за сеопфатна ХИВ превенција за трансродовите жени, а особено за трансродовите луѓе кои имаат секс со машки партнери и оние кои се во врска со партнер кој има поинаков статус.

- Доброволното ХИВ тестирање и советување (ХТС) треба рутински да се нуди на трансродовите луѓе во клинички услови, како и во граѓанските

организации и помеѓу заедницата.

• Трансродовите луѓе треба да имаат еднаков пристап до нега и третман за ХИВ како и сите други популации.

• Граѓанските и државните сервиси за сексуално и репродуктивно здравје треба да нудат широка палета услуги кои ќе бидат лесно достапни за трансродовите лица.

• Давателите на услуги треба да бидат сензитивизирани и да имаат познавања за конкретните потреби во врска со сексуалното и репродуктивното здравје, како и за грижите и желбите на трансродовите луѓе.

**Листата на барања на трансродовите луѓе е дел од документот „ХИВ и РОД“ во издание на СТАР-Прв колектив на сексуални работници на Балканот и ТрансФормА – Неформална иницијатива за заштита и унапредување на правата на трансродовите лица во Република Северна Македонија.*



Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од :

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА